**МИСЛЕЊЕ И ЗАБЕЛЕШКИ**

**По предлогот за измена и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси**

Институтот за човекови права ги дава следните забелешки по предлогот за измена и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси:

а) Предлогот во член 31-а, 32 и 33 да се бришат зборовите „по сопствена иницијатива на ДКСК" со образложение дека во членот 23 е дефинирано дека ДКСК постапува по сопствена иницијатива, па оттука не било потребно овие зборови да бидат содржани и во наведените членови, се неприфатливи од причина што во членот 23, стои и дека: „Државната комисија постапува по сопствена иницијатива и врз основа на добиени пријави" односно постапува првенствено по сопствена иницијатива. Доколку се прифати ова образложение, тогаш не треба да стои и по „добиени пријави" во горенаведените членови со оглед на тоа што оваа обврска е предвидена,исто така, во членот 23. При тоа, се поставува прашањето дали доколку нема пријави за незаконитости поднесени од други субјекти до ДКСК, Комисијата нема да покрене постапка по допрен глас?;

б) Предлогот во член 31-а, сегашниот рок од 60 дена во кој Државната комисија е должна да ја заврши постапката, да го информира лицето кое покренало иницијатива за испитување на финансирање на политичка партија и да ја информира јавноста за наодите од постапката, да се замени со рок од 90 дена, е предолг и спротивен на принципот на ефикасност на институциите во извршување на доверените јавни овластувања;

в). Предлогот во членот 35, да се избрише рокот од седум дена од денот на утврдување на основаноста на сомневање во кој ДКСК ќе иницира постапка за утврдување одговорност пред надлежните органи, е спротивен на принципот на ефикасност и одговорнст, па оттука и за ДКСК треба да постои рок за постапување слично како и за другите органи кои согласно Законот имаат обврска да постапат по барањата на ДКСК. Доколку се смета дека рокот од седум дена е краток за постапување на ДКСК, тој може да се продолжи (пр. на 15 дена), но рок мора да постои;

г). Во член 37-а, сметаме дека рокот од 120 дена од денот на завршувањето на изборите во кој за утврдените состојби за време на изборниот процес Државната комисија до Собранието на Република Северна Македонија доставува посебен извештај (кој се објавува на веб страницата на Државната комисија и во средствата за јавно информирање) е предлог и истиот треба да се скрати, согласно со начелото на ефикасност, ефективност и одговорност на институциите, вклучувајќи ја и ДКСК.

Надвор од предложените измени на ЗСКСИ, предлагаме измени и дополнување во глава осма-Пријавување на имотна состојба и интереси, што би вклучило и покренување постапка за испитување на потеклото на имотот од ДКСК и за избрани и именувани лица и други службени лица на кои мандатот им завршил (пр. пред пет или повеќе години).Ова особено поради честите изјави на претставници на Државната комисија дека не можат да покренат постапка за испитување на потеклото на имотот на овие лица за кои постојат сериозни сомневања дека незаконски се збогатиле за време на вршење на мандатот бидејќи нема законски основ.

Институт за човекови права